# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот април – јуни 2025 година

Јуни, 2025 година

## СОДРЖИНА

1. Резиме
2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)
   а) Собрание
   б) Управен одбор
   в) Комисија за образование, обука и публикации
   г) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
   д) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
   ѓ) Комисија за контрола на квалитетот
   е) Комисија за стандарди за ревизија
   ж) Дисциплинска комисија
3. Судски постапки

## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот април – јуни 2025 година, беа усвоени следните:

- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.
- ✓ Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година.
- ✓ Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, за овластен ревизор Валон Омери.
- ✓ Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2025 година.
- ✓ Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола и Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола.
- ✓ Пречистен текст на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластни ревизори на Република Северна Македонија.
- ✓ Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- ✓ Одлука за одобрување на Препорака за зачленување во ИОРРСМ на овластени ревизори: Ангела Тилева Караџовска, Елена Николовска и Марија Левкова.
- ✓ Одлука за одобрување на Препораката за престанок на членство во ИОРРСМ на овластен ревизор Кристина Тилиќ.
- ✓ Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот јануари – март 2025 година.
- ✓ Одлука за спроведување на контрола на квалитет на член на ИОРРСМ, согласно член 19-а од Законот за ревизија, по барање на СУНРРСМ.
- ✓ Одлука за поведување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ, овластен ревизор – трговец поединец.

- ✓ Одлука за поведување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ, овластен ревизор.

На 11.04.2025 година СУНРРСМ даде согласност на Годишниот извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.

## НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ

Од 13 до 20 јуни 2025 година беше одржана испитната сесија јуни 2025 година, кога беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

На 3 и 4 април генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, преку видео конференциска врска присуствуваше на 2025 Chief Executive's Forum во организација на IFAC. На настанот беа дискутирани различни теми, а посебен акцент беше даден на темите за атрактивноста на ревизорската професија и значајните измени во регулативата на известувањето за одржливост во Европа. Сето тоа во светло на тековните превирања на светските пазари, настанати како резултат на најави за воведување на тарифи од страна на САД.

На 8 април 2025 година, претставникот на стручната служба Калина Велковска, присуствуваше на состанок на Работна група за спречување перење пари и финасирање тероризам, при Управата за финансиско разузнавање во фаза на завршни активности за подготовка на Национална проценка за ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

На 9 април 2025 година, во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок помеѓу Управниот одбор на ИОРРСМ и членовите на СУНРРСМ, и претставници на стручните служби. На состанокот беа дискутирани теми од заеднички интерес како важечкиот Закон за ревиизја, контролата на квалитет на ревизорските услуги, предизвиците со кои што се соочуваат двете институции, како и ревизорската професија.



На 15 април 2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и претседателот на СУНРРСМ Филип Василески, заедно со претставници на стручните служби, присуствуваа на настан *Отворен и кариерен ден* на покана на Универзитет Гоце Делчев – Штип. На кариерниот ден беа претставени можностите за вработување на младите, се продлабочи врската меѓу високото образование и реалниот сектор и се поттикна претприемачкиот дух кај младите преку споделување на успешни приказни од страна на компаниите.



Во периодот од 15 - 16 април 2025 година, контролорите на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска и Марија Божиновски, на покана на друштво за ревизија Форвис Мазарс Македонија присуствуваа на он-лајн вебинари на тема *ESG Regulations & Practical Solutions for Business: Insights from the CEE Region*. На овие вебинари беа дискутирани ESG барањата кои што постојано се менуваат и еволуираат, особено во регионот на Европската унија.

Експертите предавачи ги водеа учесниците низ клучните регулаторни барања и споделија корисни увиди на темата, засновани на искуствата од регионот на Централна и Источна Европа.

Во април 2024 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, одржаа неколку состаноци со претставници на IFAC, во рамки на нивна поддршка и учество на панел дискусијата на конференцијата во Тирана, Албанија.

На 24 април 2025 година, контролорите на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска и Марија Божиновски присуствуваа на он-лајн вебинари на тема *ISQM 1 & 2: Common Regulatory Findings and How to Implement Them Correctly*, во организација на Pro Beta training. На ова предавање беа дискутирани адекватната имплементација на МСУК 1 & 2, беше споделено практично искуство со наоди од ревизорски фирми ширум светот и како да се избегнат честите грешки во примената на овие стандарди.



На 7 мај 2025 година, Марјонка Николовска член на управниот одбор на ИОРРСМ, присуствуваше на одбележувањето на 22 годишниот јубилеј на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН.



На 19 мај 2025 година, во Тирана Албанија, Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) потпиша Меморандум за соработка со Институтот на овластени јавни сметководители на Албанија (IEKA). Договорот предвидува соработка за спроведување на акциските планови за подобрување на усогласеноста со стандардите на IFAC, обука за членовите на двете организации, прашања поврзани со спроведување на контрола на квалитет на ревизорските услуги и други прашања од заеднички интерес. Меморандумот за соработка го потпишаа Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и Претседателот на IEKA, Berti Pashko.



На 23 мај 2025 година, ИОРРСМ беше домаќин на студенти од Економскиот факултет УДГ - Штип, со посредство на професор Јанка Димитрова, овластен ревизор. На состанокот, Претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски разговараше со студентите и одговараше на прашања од праксата за теми кои што ги засегаа студентите кои што својата иднина ја гледаат во ревизорската и сметководствената професија.

На 27 мај 2025 година Генералниот секретар на ИОРРСМ, Татајана Тодоровска и претседателот на Комисијата за обрзаование, обука и публикации, Благица Шорева одржаа он-лајн состанок со претставници на Learnsignal – глобална водечка организација за он-лајн едукација за ревизорската и сметководствената професија. На состанокот беше дискутирана потенцијална поддршка за КПУ настани.

На 28 мај 2025 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска одржа состанок со претседателот на ИСОС Весна Прентоска, во врска со барање на поддршка за членство на ИСОС во IFAC.

На 5 јуни 2025 година, претставници на Управниот одбор и стручната служба на ИОРРСМ, одржаа состанок со Директорката на Централен регистар, д-р Анита Стамнова. На состанокот беа потврдени заложбите за зајакнување на процесите во финансиското работење за севкупен развој на економијата, преку промоција на професионални стандарди со висок квалитет. Двете институции планираат својата соработка да ја продлабочат со потпишување на Меморандум за соработка.



На 16 јуни генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска одржа он-лајн состанок со претставници на IFAC, во рамките на редовните дискусии за известување на годишно ниво, за разгледување на напредокот и евентуални измени на регулативата или други околности.

## КПУ НАСТАНИ АПРИЛ – ЈУНИ 2025

На 25 април 2025 година, беше спроведен заеднички настан за Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластени ревизори и внатрешни ревизори со наслов *Business and Beyond*, во организација на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) и Здружението на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ). Настанот беше спроведен како настан со физичко присуство во просториите на Едукативен центар М6, за кој што се признаваа 6 КПУ часови. Темите на настанот беа *Македонската економија: Реалност и предизвици*, презентирано од страна на предавач Маја Кадиевска Војновиќ, и *Поклони се и почни*, презентирано од предавач Ана Зафирова (меки вештини и јавно говорење).









На 20 мај 2025 година, Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), Здружението на внатрешни ревизори на РСМ - ЗВРСМ (IIA Macedonia) и Албанискиот Институт на внатерешни ревизори (IIA Albania) организираа заедничка регионална конференција за ревизија со наслов – *The Power of Cooperation* во Тирана, Албанија. Конференцијата беше одржана во хибриден формат, односно со физичко и он-лајн присуство. За присуство на конференцијата се признаваа 8 КПУ часа за овластените ревизори и внатрешните ревизори.





Конференцијата со поздравни говори ја отворија домаќините: Erald Bezhani - претседател на IIA Albania, Ненад Тортевски - претседател на ИОРРСМ и Билјана Секуловска - претседател на ЗВРСМ. На конференцијата учествуваа експерти предавачи од земјата и странство. Беа презентирани и дискутирани теми како Интергрирање на уверувањето: Подобра координација преку соработка, Како да се врши ревизија на недопирливите во една организација, Морални избори: Приказна на еден свиркач, како и обраќања на министерот за финансии на Албанија Petrit Malaj и гувернерот на Централната банка на Албанија Gent Sejko.

На конференцијата беа одржани и две панел дискусии и тоа: Панел за зајакнување на прекуграничната соработката во внатрешната ревизија со панелисти од РС Македонија, Косово и Албанија, како и панел дискусија на тема Привлекување и задржување на професионалните ревизори преку регионално партнерство, модерирана од Jelena Misita и Sarah Gagnon од IFAC, а панелисти беа Anesa Bajric, CIA, CRMA, Merita Bejtja, Albana Gjinopulli, Марија Ковачевиќ Георгиевска, Lendita Demiri, Berti Pashko - претседател на IEKA Albania, Ненад Тортевски, MSc. Ardiana Bunjaku, Zrinka Bratić и Xavier Justo.






На 17 и 18 јуни 2025 година, Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) спроведе настани за Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластени ревизори, со физичко присуство во Рагуза 360°, Скопје, за што се признаваа по 8 КПУ часа по ден. Предавачи на двата настани беа Благица Шорева од Друштво за ревизија КПМГ Ревизија ДОО Скопје и Александра Кузмановска од Друштво за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.




Главна тема на двата настани беа промените во Меѓународните стандарди за ревизија и други релевантни објави на IFAC, од објавените во 2010 година (издание 2009) и оние објавени во Службен весник на РСМ бр. 273/24 (издание 2022). На настанот на 17 јуни беше даден осврт на стандардите МСУК 1 - Управување со квалитет за фирми кои вршат ревизии или проверки на финансиски извештаи или други ангажмани за уверување или поврзани услуги, МСУК 2 - Проверки на квалитет на ангажманот и МСР 600 (ревидиран) - Посебни разгледувања – ревизии на финансиски извештаи на групација (вклучувајќи ја и работата на ревизорот на компонента).

Темите на настанот одржан на 18 јуни опфатија аспекти како: Промени поврзани со други ангажмани на уверување,  Промени во МСР поврзани со Извештајот на независниот ревизор, МСАП 2400 (ревидиран), Ангажмани за проверка на историски финансиски извештаи МСАП 2410, Проверка на меѓупериодични финансиски информации спроведена од независниот ревизор на ентитетот МСАУ 3000 (ревидиран), Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверки на историски финансиски информации МСПУ 4400 (ревидиран), Ангажмани за извршување на договорени постапки МСР 720 (ревидиран), Одговорности на ревизорот во врска со други информации, МСР 800 (ревидиран), Посебни разгледувања – ревизии на финансиски извештаи подготвени во согласност со рамки за посебна намена МСР 805 (ревидиран), Посебни разгледувања – ревизии на поединечни финансиски извештаи и специфични елементи, сметки или ставки од финансиски извештај  МСР 810 (ревидиран), Ангажмани за известување во однос на сумарни финансиски извештаи.




## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Собрание

35-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) беше закажана на 26.03.2025 година. Бидејќи не беше одезбеден потребниот кворум за работа на Собранието, согласно член 22 од Статутот на ИОРРСМ, истата беше презакажана и се одржа на 01.04.2025 година.

На 35-та седница на Собранието на ИОРРСМ беа донесени/усвоени следните:

- Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година.
- Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, за овластен ревизор Валон Омери.

### б) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 251-та, 252-та, 253-та, 254-та и 255-та седница на кои што ги усвои/одобри следните:

- Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2025 година.
- Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола и Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола.
- Пречистен текст на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластни ревизори на Република Северна Македонија.
- Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Одлука за одобрување на Препорака за зачленување во ИОРРСМ на овластени

ревизори: Ангела Тилева Караџовска, Елена Николовска и Марија Левкова.

- Одлука за одобрување на Препораката за престанок на членство во ИОРРСМ на овластен ревизор Кристина Тилиќ.
- Одлука за признавање на испити согласно Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство за: Александра Бакулеска и Рената Шишовска.
- Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот јануари – март 2025 година.
- Одлука за спроведување на контрола на квалитет на член на ИОРРСМ, согласно член 19-а од Законот за ревизија, по барање на СУНРРСМ.
- Одлука за поведување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ, овластен ревизор – трговец поединец.
- Одлука за поведување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ, овластен ревизор.

Управниот одбор ги разгледа: Кварталниот извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 31.03.2025 година, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување, Извештајот за спроведување на испитот за испитна сесија - декември 2024 година, усвоен од Комисијата за спроведување на испитот, Планот за спроведување на испитот од страна на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2025 година. Управниот одбор го разгледа Извештај за спроведување КПУ во 2024 година, доставен од Комисијата за образование обука и публикации, како и Извештајот за периодична контрола на документацијата за 2024 година, реализирана во 2025 година од страна на Комисијата за регистрација.

Управниот одбор разгледуваше предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

### б) <u>Комисија за образование, обука и публикации</u>

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Го одобри Билтенот на ИОРРСМ за јануари - март 2025 година.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### в) <u>Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор</u>

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

- Усвои Извештај за спроведување на испитот за секнување звање ревизор во испитна сесија декември 2024 година.
- Усвои План за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2025 година.
- Комисијата ги разгледа доставените барања и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавениот повик за пријавување на кандидати, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Комисијата усвои список на кандидати кои пријавиле испити во испитната сесија јуни 2025 година во рок за редовно и во рок за задоцнето пријавување и утврди датуми за полагање на испитите во сесијата јуни/ јули 2024 година.
- Комисијата назначи координатор, одговорно лице, набљудувачи и оценувачи за

испитната сесија јуни/јули 2025 година.

Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитната сесија - јуни 2025 година. На 13 и 20 јуни 2025 година, беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше барања за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препораки за зачленување на нови овластени ревизори.
- Разгледуваше барање за престанок на членство во ИОРРСМ и усвои Препорака за престанок на членство на член на ИОРРСМ.
- Усвои Извештај за периодична контрола на документацијата за 2024 година, прегледана од комисијата за регистрација во 2025 година.
- Усвои предлог Циркуларно писмо бр. 7 во врска со усогласеност со член 24 и 25 од Законот за ревизија.
- Разгледуваше барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, за натамошно постапување.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за контрола на квалитетот

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги:

- Усвои Квартален извештај за спроведени контроли за известување до СУНРРСМ со состојба на 31.03.2025 година.
- Усвои промена на терминскиот план на контроли на квалитет за 2024/2025 година поради постапување по одлуката на Управниот одбор бр. 0202-294/5 од 10.06.2025 година, за спроведување на контрола на квалитет на член на ИОРССМ согласно член 19-а од Законот за ревизија.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања, извршуваше активности поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година и разгледуваше други прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот. Контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година.

## ѓ) Комисија за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија:

- Го разгледуваше Циркуларно писмо бр. 3 за негово ажурирање, согласно насоки од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Спроведуваше активности во насока на изготвување на циркуларно писмо од страна на Комисијата за стандарди за ревизија во врска со барањата на Законот за ревизија (член 40 и 41) и барањата на Кодексот на етика (точка 290.151) во врска со ротацијата.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## е) Дисциплинската комисија во периодот април – јуни 2025 година:

- Спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлуки за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластен ревизор-трговец поединец и овластен ревизор член на ИОРРСМ заради повреда на член 20-а од Законот за ревизија и други релевантни акти на ИОРРСМ.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

Во рамки на извештајниот период април - јуни 2025 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход.